**20250410951**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 14, став (10) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19, 229/20 и 3/25), министерот за образование и наука донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОТВРДАТА ЗА ИЗВРШЕНАТА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕТО НА УЧЕНИКОТ КОЈ НЕ БИЛ ВКЛУЧЕН ВО НАСТАВА, А Е СО НАДМИНАТА ВОЗРАСНА ГРАНИЦА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ ВО СООДВЕТНОТО ОДДЕЛЕНИЕ НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на потврдата за извршената проверка на знаењето на ученикот кој не бил вклучен во настава, а е со надмината возрасна граница за вклучување во соодветното одделение на основното образование.

Член 2

Потврдата од член 1 од овој правилник, се издава на образец со димензии 29,7 см х 21 см, чија содржина е дадена во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

Бр. 18-3182/1
17 февруари 2025 година
Скопје

Министерка за образование
и наука,
проф. д-р **Весна Јаневска**, с.р.

Прилог

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

________________________________________________

(име на основното училиште и место)

____________________

(општина)

# П О Т В Р Д А

________________________________________________

(име и презиме на детето)

син/ќерка на ____________________ роден/а на ____________________ година

(име на родителот/старателот)

во ____________________ општина ____________________

држава ____________________ државјанство ____________________

________________________________________________

По извршената проверка на знаењето, основното училиште ја издава оваа потврда на ученикот кој не бил вклучен во настава, а е со надмината возрасна граница за вклучување во основното образование за запишување во ____________________ одделение.

(со римски број и со букви)

Во ____________________ ____________ 20____ година. Дел. бр. ____________________

(место) (датум)

М. П. Директор,

____________________